Бр./Nr 12-963/2
18-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-963/1 од 27.02.2026 година, со наводи за сомневање за изнуда на средства од ученик во повеќе училишта на територијата на Општина ///, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-963/1 од 27.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 27.02.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за изнуда на средства од ученик во повеќе училишта на територијата на Општина /// и оформен е предмет број 12-963/1 од 27.02.2026 година.

Во пријавата подносителот не навел функција, работно место или својство на наброените лица на кои се однесуваат наводите, а во содржината на пријавата не може да се идентификуваат училиштата на кои укажува. Иако во пријавата се споменуваат постапки на неименуван инспекциски орган, истата не содржи детали за бројот на постапката ниту за наводите по кои е постапувано. Воедно, пријавата не содржи упатување на коруптивни дејствија, туку содржи нејасни

наводи за повторени постапки за запишување на ученик кои подносителот – родител ги поврзува со мотив за изнуда на финансиски средства.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Следствено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: А.Ч. претседател

Доставено до:
- подносителот на пријавата